О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул: "М.М.Брицо" бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521 факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 3
15.03.2008 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Сектор за правни и општи работи
и ЛЕР

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 27-та седница**
**на Советот на Општина Делчево**

И

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата редовна 27.седница, одржана на ден 14.03.2008 година и тоа:

1.Заклучок за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2007 година и Годишниот извештај за 2007 година бр.07-197/1 од 14.03.2008;

2.Заклучок за усвојување на Сметководствени политики за финансиските извештаи на Буџетот на ЕЛС -Делчево бр.07-198/1 од 14.03.2008;

3.Заклучок за усвојување на Буџетскиот календар за 2008 година бр.07-199/1 од 14.03.2008;

4.Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на тарифа за комунални такси за Општина Делчево бр.07-200/1 од 14.03.2008;

5.Заклучок за усвојување на Годишната сметка на СОУ,,М.М.Брицо,, -Делчево за 2007 година бр.07-201/1 од 14.03.2008;

6.Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ОУ "Ванчо Прке-Делчево за 2007 година бр.07-202/1 од 14.03.2008;

7.Заклучок за усвојување Годишната сметка на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево за 2007 бр.07-203/1 од 14.03.2008;

8.Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2007 година бр.07-204/1 од 14.03.2008;

9.Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево за 2007 бр.07-205/1 од 14.03.2008;

10.Одлука за утврдување на износот на средствата за кофинансирање на тековното работење на Центарот за развој на Источниот плански регион во Република Македонија бр.07-206/1 од 14.03.2008 ;

11.Одлука за основање на Центар за развој на Источниот плански регион бр.07-207/1 од 14.03.2008 ;

ИИ

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево"

**Број 08-209/1** **Градоначалник**
**15.03.2008 година** **на Општина Делчево**
**Д е л ч е в о** **Мирко Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/2002) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Завршната сметка на**
**Буџетот на ЕЛС-Делчево за 2007 година**
**и Годишниот извештај на Општина Делчево за 2007 година**

**Член 1**

Се усвојува Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС - Делчево за 2007 година и Годишниот извештај на Општина Делчево за 2007 година. .

**Член 2**

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник"на општина Делчево.

**Број 07-197/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 година** **Претседател,**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 3 став 1 од Статутот на ЕЛС Делчево ("Службен гласник на ЕЛС Делчево бр.12/2006) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, Советот на ЕЛС Делчево, на 27. седница одржана на ден 14.03. 2008 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ДЕЛЧЕВО**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2007 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **82.625.597,00 денари** | **67.489.090,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 21.817.000 денари | 23.123.686 денари |
| Неданочни приходи | 2.710.000 денари | 2.271.671 денари |
| Трансфери | 21.634.167 денари | 18.040.277 денари |
| Дотации | 16.227.926 денари | 16.296.835 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 7.783.504 денари | 6.877.681 денари |
| Донации | 6.453.000 денари | 878.940 денари |

**-Вкупно расходи 82.625.597,00 денари 63.864.852,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | **82.625.597,00** денари | **63.864.852,00** денари |

**-Салдо на 31-12-2007 3.624.238.00 дена**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 3.237.934 денари се пренесува како приход на основниот буџет на ЕЛС Делчево за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 69.341,00 денари се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на ЕЛС Делчево за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 316.963,00 денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС Делчево за 2008 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Делчево за 2006 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Делчево за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Делчево за 2007 година се објавува во Службениот гласник на единицата на локалната самоуправа Делчево.

**СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА НА**
**ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Кирчо Иванов,с.р.**

**Број 07-197**
**14.03.2008 година**
**Д е л ч е в о**

Врз основа на член 36 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002) , Советот на Општина Делчево на својата 27. седница, одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Сметководствени политики за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Делчево**

**Член 1**

Се усвојуваат Сметководствени политики за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Делчево **.**

**Член 2**

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во , ,,Службен гласник на Општина Делчево,, .

**Број 07-198/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 година** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 27 седница одржана на ден 14.03.2008 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Буџетски календар за 2008 година**

**Член 1**

Се усвојува Буџетскиот календар за 2008 година **.**

**Член 2**

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,, Службен гласник на Општина Делчево,, .

**Број 07-199/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 година** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за финансирање на ЕЛС ("Сл.весник на РМ" бр.61/2004), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2008 ГОДИНА**

1.Советот на Општината го донесува **Буџетскиот календар** во месец **ЈАНУАРИ-МАРТ.**

2.Министерот за финансии изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** во месец **МАРТ.**

3.Советот на општината ја донесува или разгледува **фискалната стратегија** на општината во месец **МАРТ или АПРИЛ.**

4.Градоначалникот на општината ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансисиките планови на општинските буџетски корисници**, во месец **МАЈ.**

5.Градоначалникот на општината ги доставува до **општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансисиките планови**, во месец **МАЈ.**

6.Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки - финансиски планови**, **со образложение за висината на износите во** месец **ЈУНИ-ЈУЛИ.**

7.Финансискиот оддел на општинската администрација ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го **известува** Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) во месец **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ.**

8.Министерот за финансии го доставува до општината **буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ.**

9.Финансискиот Оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот општината го **подготвуваат предлог-буџетот на општината** во месец **ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ.**

10.Градоначалникот на општината **го доставува до Советот на општината предлог буџетот на општината** во месец **НОЕМВРИ.**

11.Советот на општината **го донесува буџетот** на општината за наредната година најдоцна **до крајот на месец ДЕКЕМВРИ.**

**Број 07-199/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03. 2008 година** **Претседател**
**Делчево** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на чл.36 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 2 став 2, како и член 20, тарифен број 1,2,3,4,5,6 и 7 од Законот за комунални такси ( Службен весник на РМ бр.61/04), Советот на Општина Делчево на својата 27 Седница, одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за утврдување на тарифата за комунални такси во Општина Делчево

### Член 1

Се врши измена на членот 4 од Одлуката за утврдување на тарифа за комунални такси во Општина Делчево во целост и истиот ќе гласи ,, Комунална

такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност од м2 дневно се утврдува тарифа во износ од 5,00 денари ,, .

**Член 2**

Оваа измена на Одлуката за утврдување на тарифата за комунални такси во Општина Делчево влегува во сила од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Делчево.

**Број 07- 200/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 година** **Претседател**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2007 на**
**СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево**

И

Се усвојува Годишната сметка на СОУ "Методи Митевски-Брицо"-Делчево" за 2007 година.

ИИ

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-201/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2007 на**

**ОУ "Ванчо Прке"-Делчево**

И

Се усвојува Годишната сметка на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево" за 2007 година.

ИИ

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-202/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2007 на**
**ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево**

И

Се усвојува Годишната сметка на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево" за 2007 година.

ИИ

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-203/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Годишната сметка за 2007 на**
**ЈЛБ "Илинден"-Делчево**

И

Се усвојува Годишната сметка на ЈЛБ "Илинден"-Делчево" за 2007 година.

ИИ

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-204/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03. 2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на РМ ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 27.седница одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка за 2007 на**
**ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево**

И

Се усвојува Годишната сметка на ОЈУДГ "Весели Цветови-Делчево" за 2007 година.

ИИ

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-205/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.03.2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со член 25 став 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Сл. Весник на РМ" 63/07), Советот на општина Делчево на седницата одржана на ден 14.03.2008 година, донесе

## О Д Л У К А

**За утврдување на износот на средства за кофинансирање на тековното работење на Центарот за развој на Источниот плански регион во Република Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука се определува учеството и износот на средствата на Општина Делчево во кофинансирање на Центарот за развој на Источниот плански регион.

Член 2

За кофинансирање на тековното работење на Центарот за развој на Источниот плански регион, општина Делчево ќе учествува со износ од 10,00 МКД/жител или вкупно 175.050,00 МКД на годишно ниво.

Средствата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на општина Делчево за 2008 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-206/1**
**14.03.2008**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на РМ, број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоупрва (Службен весник на РМ, број 5/02 година), Советот на Општина Делчево, на ден 14.03.2008 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**за основање на Центар за развој на Источниот плански регион**

**Општи одредби**

**член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Источниот плански регион, се основа Центар за развој на Источниот плански регион.

**член 2**

Центарот за развој на Источниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**член 3**

Седиште на Центарот за развој на Источниот плански регион е во Штип на улица Васил Главинов бб.

**Делокруг на работа на Центарот**

**член 4**

Центарот за развој на Источниот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- Ги доставува предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдента листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;
- Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализра проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтерисираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програм за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;

- Подготвува годишен  извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Источниот плански регион и Советите на едниците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;

- Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион;

**Организациска поставеност**

**член 5**

Центарот за развој на  Источниот плански регион (во понатомошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Источниот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**член 6**

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови:

- ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;

- има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;

- има завршено ВИИ степен високо образование;

- има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуоправа.

**член 7**

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

- Го претставува и застапува Центарот;

- Управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот;

- Го предлага  годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот;

- Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на центарот;

- Донесува правилник за систематизџација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источниот плански регион.

- Раководи со администрацијата на Центарот;

- Ги предлага на Советот за развој на Источниот плански регион, програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на

Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Источниот плански регион.

- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на исотот на Центарот;

- Врши и други работи утврдени со Закон.

**член 8**

Центарот има администрација.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Источниот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

**член 9**

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Источниот планскиот регион.

Предлог финансиски годишен план на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на Источниот планскиот регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во слу£ај да во рок од три месеци не се усвои финансискиот годишен план за финасирање на Центарот за тековната година, се применува финанскиот годишен план од претходната година.

**член 10**

Единиците на локалната самоупрва, кои се во состав на Источниот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Источниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Источниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Центарот за развој на Источниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

**член 12**

Раководителот на Центарот доставува на усвојување годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на Источниот планскиот регион.

Усвоениот годишен финансиски извештај се доставува до Советите на Единиците на Локалната Самоуправа од Исто;ниот плански регион.

**член 13**

На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финасиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

**член 14**

Центарот за развој на Источниот плански регион, е основан откако сите Совети на Едниците на Локалната Самоуправа од Источниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

**член 15**

Најдоцна во рок од  три месеци од усвојувањето на ова Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

До изборот на раководител на Центарот за развој на Источниот плански регион, се овластува претседателот на Источниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

**член 16**

Заради имплементација на £лен 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Градона£алниците на единиците на локалните самоуправи од Источниот плански регион и Министерот за Локална Самоупрва, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Источниот плански регион.

**член 17**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

| | |
|---|---|
| **Број 07-207/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **14.03.2008** | **Претседател,** |
| **Делчево** | **Кирчо Иванов, с.р.** |